# 142 Да проповедаме на најразлични луѓе

## (1. Тимотеј 2:4)

1. Бог секого го сака како свој
и не е пристрасен кон никој тој.
За него секој од нас вреден е
и сака блиски со него да сме.

(*РЕФРЕН*)

*Кој е кој и кој е што*
*ништо не значи за Бог,*
*најважното е длабоко во нас.*
*Па, зар не би дале сè*
*за да знае сиот свет*
*со какви очи Бог нè гледа нас?*

2. И за нас секој човек вреден е,
без оглед кој е, каде живее.
Зад тоа многу друго гледа Бог,
во секој доброто го бара тој.
(*Рефрен*)

3. Да свртиш грб на овој злобен свет
е голем чекор, сите знаеме.
Но, за Јехова посебно е мил
тој што на таков чекор спремен бил.
(*Рефрен*)

(Види и Јован 12:32; Дела 10:34; 1. Тим. 4:10; Тит 2:11.)

*snylpnw*-MC Бр. 142 5/15
© 2015 Watch Tower Bible and Tract Society of Pennsylvania